НАЦИОНАЛНА ДЕБАТА
ЗА ИЗБОРНИТЕ РЕФОРМИ
ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



# НАЦИОНАЛНА ДЕБАТА ЗА ИЗБОРНИТЕ РЕФОРМИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Што е дебатна анкета®?

Дебатната анкета (deliberative poll) е уникатна форма на политички консултации која ги комбинира техниките на испитување на јавното мислење и јавната расправа. Таа цели да претстави како би изгледало јавното мислење на одредена тема, доколку граѓаните би имале можност повеќе да се запознаат со темата. Дебатната анкета ги прикажува преференциите и мислењата на граѓаните и пред и по детално запознавање со темата.

## Примерок на испитаници

| |
|---|
| **Основна анкета**<br><br>Пред одржување на дебатниот настан, беше спроведена основна анкета на 1000 испитаници од целата држава во периодот од 5 до 15 мај 2022 година. Етничка припадност на испитаниците: 64% Македонци, 25% Албанци и 10% друго. |
| **По дебатен настан**<br><br>По завршувањето на дводневниот дебатен настан, кој се одржа на 4 и 5 Јуни 2022 година, 129 испитаници повторно го пополнуваа прашалникот, откако два дена се информираа и дискутираа на темите со релевантни чинители од македонското општество. Етничка припадност на испитаниците кои учествуваа на настанот: 82,2% Македонци 15,5% Албанци и  2,3% други. |

## Дебатен настан

Дводневниот настан се одржа во Хотел Континентал во Скопје на 4 и 5 јуни 2022 година. 129 испитаници поделени во 11 групи меѓусебно се информираа и подучуваа за изборниот систем и изборните реформи во земјата, фокусирајќи се на изборните единици и гласање на дијаспора, како и на гласачките листи и регистрацијата на гласачи. Потоа, секоја од групите поставуваа прашања на панел од експерти и политичари од целиот спектар, со цел да изградат информирани и непристрасни ставови. Дискусиите од двата дена беа телевизиски покриени од Телма ТВ и Сител ТВ.

European Policy Institute Skopje
NATIONAL DEMOCRATIC DEBATE
NED NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

## Резултати

Во продолжение се дел од резултатите од промената на ставови на граѓаните околу изборниот систем и реформите во Северна Македонија, по одржување на дебатниот настан.

1. На скала од 0 до 10, дали сметате дека е потребно пошироко вклучување на јавноста во дијалогот околу изборните реформи?




*🛈 Мислењето на учесниците за пошироко вклучување на јавноста во дијалогот околу изборните реформи е поддржано на високо ниво. Нивната поддршка беше многу висока и пред дебатата 7,80, и после дебатата 8,30.*

2. На скала од 0 до 10, каде што 0 е целосно неуспешни, а 10 е целосно успешни, како би ги оцениле досегашните изборни реформи во Северна Македонија?




*🛈 Нема значителна разлика на ова прашање. Средните вредности пред дебатата изнесуваа 4,86, а после дебатата 4,65. Според учесниците, досегашните изборни реформи во Северна Македонија се донекаде неуспешни.*


European Policy Institute Skopje
NATIONAL DEMOCRATIC DEBATE
NED NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

3. На друга скала од 0 до 10, каде 0 воопшто не се согласувам, а 10 целосно се согласувам, каков е вашиот став околу следниве искази?




*ⓘАнализата на компарираните резултати укажува дека: дебатата нема значајно влијание на ставот дека секое лице со македонско државјанство треба да биде во можност да го оствари своето уставно право на глас, како во земјата така и во странство, пред и после дебатата.*

4. На друга скала од 0 до 10, каде 0 е воопшто не се согласувам, а 10 е целосно се согласувам, каков е вашиот став околу следниве искази?




European Policy Institute. Skopje
NATIONAL DEMOCRATIC DEBATE
NED NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

*ⓘ Статистички значајни разлики се појавуваат со повисоки вредности после дебатата само на прашањето дека треба да имаме една изборна единица која ја покрива целата териоторија на државата, но со одреден минимален процент на гласови кои партиите / независните кандидати треба да ги добијат за да освојат пратеничко место.*

5. На друга скала од 0 до 10, каде 0 е воопшто не се согласувам, а 10 е целосно се согласувам, каков е вашиот став околу следниве искази?




*ⓘ После дебатата се појавуваат статистички значајни пониски вредности на следните ставови: Шест изборни единици придонесуваат кон постабилни владини коалиции (средните вредности пред дебатата 4,81, средните вредности после дебатата 3,36), и Шест изборни единици ја подобруваат одговорноста/отчетноста на пратениците пред гласачите (средните вредности пред дебатата 4,15, средните вредности после дебатата 2,98).*

European Policy Institute, Skopje
NATIONAL DEMOCRATIC DEBATE
NED NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

6. На друга скала од 0 до 10, каде 0 е воопшто не се согласувам, а 10 е целосно се согласувам, каков е вашиот став околу следниве искази?




7. Какви избори се спроведуваат во Северна Македонија?




*ⓘ Најголем процент (61,2%) одговориле дека се спроведуваат парламентарни избори. Се појавуваат значителни разлики кај сите четири наведени алтернативи, со значително повисоки вредности по дебатата, освен кај опцијата Сите горенаведени, која статистички значително се намалува после дебатата.*

8. Парламентарниот изборен систем во Северна Македонија е систем во кој:




9. Кој може да се кандидира за пратеници на парламентарни избори во Северна Македонија?




*ⓘ Значителни разлики како резултат на дебатата се појавуваат кај следните одговори:*

*-Политички партии (76,7% пред дебатата, 69,0% после дебатата)*

*-Невладини организации (17,8% пред дебатата, 14,0% после дебатата)*

*-Неформални групи на граѓани (33,3% пред дебатата , 18,6% после дебата)*

*-Синдикати (2,3% пред дебатата, 4,7% после дебатата)*


European Policy Institute Skopje
NATIONAL DEMOCRATIC DEBATE
NED NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

## 10. Дали има и кој е задолжителниот процент на застапеност на жените на листите на кандидати на парламентарните избори во Северна Македонија?




*Се појавуваат значителни разлики пред и после дебатата во однос на застапеноста на листите на кандидати. 27,9% од учесниците се информирани дека задолжителниот процент на застапеност на жените во листите на кандидати е 40%.*